Бр. 12 - 2690/6
09.03.2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ---------- од -------- на 14 мај 2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-тата седницата одржана на 29.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од подносителот ----------------- од -------------, на ден 14.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2690/1 од 14.05.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости во постапката за прераспоредување на полициски службеник ----------- од с. ----------, распореден на работно место Инспектор за НТ со дрога во ОКП при СВР ------- при Министерството за внатрешни работи на РСМ, кој со Наредба бр. 34622/1 од 30.04.2019 година на ден 02.05.2019 година бил распореден на ново работно место Помлад инспектор во ПО ---------- при ПС ОН -------, СВР -------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2690/1 од 14.05.2019 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2690/1 од 14.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител- --------- од с. -----------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за незаконитости во постапката за прераспоредување на полициски службеник --------- од ------------, распореден на работно место Инспектор за НТ со дрога во ОКП при СВР ------- при Министерството за внатрешни работи на РСМ, кој со Наредба бр. 34622/1 од 30.04.2019 година на ден 02.05.2019 година бил распореден на ново работно место Помлад инспектор во ПО Камењане при ПС ОН ---------, СВР ---------.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата достави Барање за доставување на податоци и информации со број 12-2690/3 од 28.05.2019 година до Министерството за внатрешни работи–За Кабинетот на министерот и Барање за доставување на податоци и информации со број 12-2690/4 од 28.05.2019 година до Министерството за внатрешни работи - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

професионални стандарди со кои барања побара да се достави целосна информација за тоа кои биле причините за прераспоредување на полицискиот службеник --------- од ------------- на друго работно место со бр.34622/1 од 30.04.2019 година на ден 02.05.2019 година и дали при донесување на Наредбата за распоредување на полицискиот службеник се почитувани законските и подзаконските акти.

На ден 20.06.2019 година беше доставен Одговор од Министерството за внатрешни работи-Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во кој се наведува дека согласно членот 154 од Законот за внатрешни работи од страна на министерот за внатрешни работи била издадена Наредба бр. 22.6.-34622/1 од 30.04.2019 година со која ------------ бил распореден на работно место инспектор за НТ со дрога во Отсекот за НТ со дрога и оружје и истиот се задолжува да извршува работи и задачи од работно место помлад инспектор водич на безбедносен реон во ПО ---------- – ПС ОН ---------, сметано од 30.04.2019 година со напомена дека работникот не бил распореден на друго работно место согласно начинот и постапката за распоредување утврдена во Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на МВР, туку истиот за одреден временски период бил задолжен да извршува работи и задачи од друго работно место. Исто така во одговорот се наведува дека Наредбата била со важност од 30.05.2019 год до 28.06.2019 година.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдени наводите содржани во пријавата и истите се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 29.02.2020 година по број ____________

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk